**Проект: „Градење капацитети за одржлив развој на човечкиот капитал во Северна Македонија“**

**Област на делување IV – Развивање и спроведување активности за градење капацитети за политиките за климатските промени и трудовите и социјалните политики**

# Акциски план за поддршка на развојот на зелено, климатски паметно, родово чувствително и инклузивно вработување во клучните економски сектори


Национален експерт
Сузана Игњатовиќ-Алексова

Меѓународен експерт
Магдалена Херст


август 2024 година

Содржина

Скратеници ..... 4

Извршно резиме ..... 5

1. Вовед ..... 6

1.1. Појдовни информации за економскиот и еколошкиот контекст во Северна Македонија ..... 6

1.2. Преглед на национално утврдените придонеси и нивната важност за Акцискиот план. 6

2. Цели ..... 9

2.1. Главни цели за развој на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување. 9

2.2. Усогласување на овие цели со долгорочните национални климатски цели и стратегии ..... 10

3. Делокруг и приод ..... 11

3.1. Дефинирање на клучните сектори што ќе бидат цел на Акцискиот план ..... 11

3.2. Методологии и рамки што ќе се користат за спроведување на Акцискиот план ..... 11

3.3. Како Акцискиот план се интегрира во постојните политики и стратегиски рамки ..... 12

4. Вклучување на засегнатите страни ..... 14

4.1. Утврдување на главните засегнати страни и нивните улоги ..... 14

4.2. Стратегија за вклучување на засегнатите страни во фазите на планирање и спроведување ..... 15

5. Управување и институционална рамка за спроведување на Акцискиот план ..... 18

6. Показатели за успешност и следење на спроведувањето на Акцискиот план ..... 23

6.1. Клучни показатели за успешност за мерење на напредокот кон целите на Акцискиот план ..... 23

6.2. Механизми за следење и оценување ..... 24

7. Финансиски ресурси и нивно мобилизирање ..... 26

7.1. Преглед на буџетските барања ..... 26

7.2. Стратегии за мобилизирање на финансиски средства, вклучително и потенцијални извори на финансирање .......... 26
8. Управување и ублажување на ризиците .......... 29
Прилог .......... 30

# Скратеници

| | |
|---|---|
| АМПУПТ | активни мерки, политики и услуги за пазарот на труд |
| АП | акциски план |
| АВ | Агенција за вработување |
| ЕЕ | енергетска ефикасност |
| ЗНУП | зајакнати национално утврдени придонеси |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗКФ | Зелен климатски фонд |
| МЕТ | Министерство за економија и труд |
| МСПДМ | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| НПП | национални планови за приспособување |
| НУП | национално утврдени придонеси |
| МКД | Република Северна Македонија |
| ССК | Стратегиски советодавен комитет |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЦОР | цел(и) за одржлив развој |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |

# Извршно резиме

**Целта на Акцискиот план** е да го поддржи процесот на градењето капацитети поврзани со климатските промени во секторот на трудот и социјалната заштита.

Намерата е да се изложат мерки за олеснување на зелените работни места, и на климатски паметно и инклузивно вработување во клучните економски сектори во земјата.

Северна Македонија се обврза на ЦОР 8 и, имено, Целта 8.3: Промовирање на развојно насочени политики кои ги поддржуваат производните активности, создавањето пристојни работни места, претприемништвото, креативноста и иновациите, и го поттикнуваат формализирањето и растот на микро-, малите и средните претпријатија, вклучувајќи го и пристапот до финансиски услуги.

Третиот Двегодишен извештај за климатските промени покажува дека предложените мерки за ублажување можат да создадат помеѓу 5.309 и 7.848 зелени работни места во 2030 година, согласно различни оценски сценарија. Мерките кои придонесуваат со најголем удел во бројот на новите домашни зелени работни места се: модернизација на постојните станбени згради (42%), изградба на пасивни куќи (21%), соларни термални колектори (8%), и обновливи извори на енергија (ОИЕ) без стимулации (6%) во 2035 година. Најмалку 27% од максималниот број работни места би бил наменет за жени.[1] Задоволувањето на оваа побарувачка од квалификувана работна сила и нејзината динамика со текот на времето бара прилагодување на постојните и изработка на нови политики за образованието и за пазарот на труд.

Сепак, постои неусогласеност помеѓу очекуваната побарувачка од зелени работни места и достапните програми за образование / обука и трудовите политики. Ниското ниво на инвестирање во човечкиот капитал се преточува во нееднаквости и немање можности за граѓаните да го остварат својот целосен потенцијал.

[1] Двегодишниот извештај за климатските промени е достапен овде: Климатски промени.

# 1. Вовед

## 1.1. Појдовни информации за економскиот и еколошкиот контекст во Северна Македонија

Северна Македонија е земја без излез на море во Југоисточна Европа, која се карактеризира со разновидни предели кои се движат од планински подрачја до плодни долини.  Со население од околу 2,1 милиони жители, земјата преминува од земјоделска економија во поразновидна и индустријализирана економија.  Во клучните економски сектори спаѓаат: земјоделството, индустријата, услужните дејности, и информациско-комуникациските технологии.

И покрај економскиот напредок, Северна Македонија се соочува со значителни еколошки предизвици, како што се: загадување на воздухот и водата, уништување на шумите, и проблеми со управувањето со отпад.  Големата зависност од јаглен за производство на енергија значително придонесува за емисиите на стакленички гасови (СГ), што налага итно делување во насока на почисти и поодржливи извори на енергија.

**Контекст на климатските промени:** климатските промени претставуваат значителна закана за социоекономската стабилност на Северна Македонија.  Земјата се соочува со зголемување на температурите, промена на врнежните обрасци, и почести екстремни временски појави, што негативно влијае врз земјоделството, водните ресурси, и јавното здравје.  Решавањето на овие предизвици бара координиран приод кој ќе ја интегрира климатската отпорност во националните политики и економското планирање.

Како држава членка на Рамковната конвенција за климатски промени на Обединетите нации (РККПОН) без Прилог I, и како потписничка на Парискиот договор, Северна Македонија се обврза да ги намали емисиите на $CO_2$ од фосилните горива за 51% до 2030 година во споредба со нивоата од 1990 година.  Оваа амбициозна цел е дел од зајакнатите национално утврдени придонеси на земјата (НУП).

## 1.2. Преглед на национално утврдените придонеси и нивната важност за Акцискиот план.

Национално утврдените придонеси (НУП) на Северна Македонија ја истакнуваат нејзината заложба да се бори против климатските промени така што ќе се фокусира врз намалување на емисиите на стакленички гасови (СГ) и зајакнување на климатската отпорност.  Како дел

од Парискиот договор, Северна Македонија вети дека ќе ги намали емисиите на $CO_2$ од фосилните горива за 51% до 2030 година во споредба со нивоата од 1990 година.

НУП даваат приоритет на неколку клучни сектори, вклучувајќи го и снабдувањето со енергија, градежништвото, и транспортот, бидејќи тие се главните придонесувачи за емисиите на СГ во земјата. Целите поставени во рамките на НУП ја нагласуваат транзицијата кон обновливи извори на енергија, зголемената енергетска ефикасност, и усвојувањето на одржливи практики низ најразлични економски дејности.

Акцискиот план има за цел да се усогласи со, и да ги поддржи, НУП на Северна Македонија преку поттикнување на развојот на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување. Ова усогласување е од клучно значење за да се осигура стратегиите за вработување не само да придонесуваат за економскиот раст, туку и да ги поддржат климатските цели на земјата.

Клучните области каде Акцискиот план се вкрстува со НУП се:

**Промовирање на зелените работни места:** со поттикнување на создавањето работни места во сектори како што се обновлива енергија, одржливо земјоделство, и еколошко градежништво, Акцискиот план директно ги поддржува целите за ублажување од НУП.

**Климатски паметно вработување:** интегрирањето на климатската отпорност во политиките за пазарот на труд осигурува стратегиите за вработување да бидат одржливи и да придонесуваат за економија со ниски емисии на јаглерод, како што е предвидено со НУП. Ова подразбира промовирање на работни места кои се фокусираат врз мерките за приспособување, како што се подобрување на управувањето со водите и подобрување на отпорноста на земјоделските практики.

**Инклузивно вработување:** водењето грижа можностите за вработување да им станат пристапни на жените, младинците и маргинализираните заедници е во согласност со аспектите на НУП за социјална вклученост. Овој приод промовира рамноправен раст и го користи сиот потенцијал на работната сила за поддршка на климатското делување.

**Градење капацитети:** зајакнувањето на капацитетите на јавните институции, приватниот сектор и организациите на граѓанското општество е од витално значење за ефективното спроведување на НУП. Акцискиот план вклучува иницијативи за градење на потребните вештини и знаења за поддршка на зелено и инклузивно вработување.

**Политичка и законодавна поддршка:** ревидирањето и ажурирањето на трудовите и социјалните политики за да се вклучат мерки за приспособување кон и ублажување на климатските промени осигурува правната и регулаторната рамка да оди во прилог на

целите од НУП. Ова подразбира давање насоки за бизнисите да усвојат одржливи практики и технологии.

**Образование и обука:** развивањето образовни програми и програми за стручна обука кои ја оспособуваат работната сила со вештини за зелените работни места оди во прилог на долгорочните цели за одржливост од НУП. Со поттикнување на образована и квалификувана работна сила, Северна Македонија може подобро да ги постигне своите климатски цели.

**Интегрирање на НУП во националните стратегии**

Акцискиот план, исто така, е усогласен со пошироките национални стратегии, како што се: Долгорочната стратегија за климатска акција, Националните цели за одржлив развој (ЦОР), и Програмата за економски реформи (ПЕР). Со обезбедување кохерентност помеѓу Акцискиот план и овие стратегиски рамки, Северна Македонија може да ги искористи синергиите и да постигне поголем ефект врз своите политики за климата и за вработувањето.

Како резиме, Акцискиот план не само што ги поддржува конкретните цели наведени во НУП на Северна Македонија, туку и придонесува за севкупниот одржлив развој на земјата. Со промовирање на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување, Акцискиот план помага да се создаде отпорна економија која е подготвена да се соочи со предизвиците од климатските промени.

# 2. Цели

## 2.1. Главни цели за развој на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување.

Основната цел на овој Акциски план е да се поттикне развојот на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување во клучните економски сектори во Северна Македонија. Тука спаѓаат следниве конкретни цели:

**Промовирање на зелените работни места:** зајакнување на создавањето и квалитетот на зелените работни места во секторите како што се: обновлива енергија, одржливо земјоделство, и еколошко градежништво, усогласувајќи се со заложбите на земјата преземени од Парискиот договор и нејзините НУП.

**Климатски паметно вработување:** интегрирање на климатската отпорност во политиките за пазарот на труд за да се осигура стратегиите за вработување да одат во прилог на одржливиот развој и транзицијата кон економија со ниски емисии на јаглерод.

**Инклузивно вработување:** водење грижа можностите за вработување да им станат пристапни на сите демографски групи, вклучувајќи ги и жените, младинците, и маргинализираните заедници, со што ќе се промовира општествената правичност и инклузивниот раст.

**Градење капацитети:** зајакнување на капацитетот на јавните институции, приватниот сектор и организациите на граѓанското општество за поддршка и спроведување на иницијативите за зелено и инклузивно вработување.

**Образование и обука:** развивање и спроведување образовни програми и програми за стручна обука кои ја оспособуваат работната сила со потребните вештини за зелени и климатски паметни работни места.

**Политичка и законодавна поддршка:** ревидирање и ажурирање на постојните трудови и социјални политики за да се вклучат мерките за приспособување кон и ублажување на климатските промени, промовирање на одржливи практики во сите сектори.

## 2.2. Усогласување на овие цели со долгорочните национални климатски цели и стратегии

Целите наведени во овој Акциски план се тесно усогласени со долгорочните национални климатски цели и стратегии на Северна Македонија, кои се срочени во неколку клучни документи и иницијативи. Со усогласувањето се осигурува развојот на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување да оди во прилог на пошироките климатски и економски развојни цели на земјата.

**Национално утврдени придонеси (НУП):** Акцискиот план директно ги поддржува заложбите на Северна Македонија преземени од Парискиот договор преку промовирање на вработувањето во сектори од клучно значење за постигнување на целите од НУП, како што се обновлива енергија, енергетска ефикасност, и одржливо земјоделство.

**Долгорочна стратегија за климатска акција:** целите се усогласени со Долгорочната стратегија за климатска акција, која ја нагласува важноста од интегрирање на климатските согледувања во сите аспекти на економскиот развој, вклучувајќи го и пазарот на труд.

**Национални цели за одржлив развој (ЦОР):** Акцискиот план придонесува за постигнување на ЦОР, особено Цел 8 (Достојна работа и економски раст), Цел 13 (Климатско делување), и Цел 5 (Родова еднаквост).

**Програма за економски реформи (ПЕР):** целите се во согласност со ПЕР, каде што се наведени и мерки за зајакнување на економската отпорност и промовирање на одржливиот раст преку зелено и инклузивно вработување.

**Стратегија за зелен раст:** Акцискиот план ја поддржува Стратегијата за зелен раст преку поттикнување овозможувачка средина за одржливи инвестиции и иновации во зелените технологии.

Со водењето грижа целите на Акцискиот план да се усогласат со овие национални стратегии и цели, Северна Македонија може да создаде кохерентен и интегриран приод кон одржливиот развој, искористувајќи ги синергиите помеѓу политиките за климатско делување и за вработување за да се постигне долгорочна отпорност и напредок.

# 3.Делокруг и приод

## 3.1. Дефинирање на клучните сектори што ќе бидат цел на Акцискиот план

Акцискиот план има за цел да се фокусира врз неколку клучни сектори кои се критични за постигнување на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување. Во овие сектори спаѓаат:

**Обновлива енергија:** промовирање на развојот и употребата на обновливи извори на енергија, како што се: соларната, ветерната, и хидроенергијата. Овој сектор е од клучно значење за намалување на емисиите на $CO_2$ и за создавање одржливи работни места.

**Одржливо земјоделство:** зајакнување на земјоделските практики за да станат поодржливи и поотпорни на климатските промени. Ова подразбира промовирање на органското земјоделство, ефикасно користење на водата, и техники за зачувување на почвата.

**Еколошко градежништво:** поттикнување на градењето на енергетски ефикасни градби и модернизирање на постојните објекти за да се исполнат повисоките еколошки стандарди. Овој сектор обезбедува значителни можности за зелени работни места.

**Управување со отпад и рециклирање:** подобрување на системите за управување со отпад и зголемување на стапките на рециклирање со цел да се намали влијанието врз животната средина и да се создадат работни места во зелената економија.

**Информациско-комуникациски технологии (ИКТ):** искористување на ИКТ за поддршка на климатски паметни решенија и иновации. Ова подразбира развој на технологии кои ја подобруваат енергетската ефикасност и ги намалуваат емисиите.

## 3.2. Методологии и рамки што ќе се користат за спроведување на Акцискиот план

Спроведувањето на Акцискиот план ќе опфати неколку методологии и рамки за да се осигура неговата ефективност и усогласеност со националните цели:

**Консултирање и вклучување на засегнатите страни:** вклучување на клучните засегнати страни, вклучувајќи ги и владините министерства, организациите на граѓанското општество (ОГО), претставниците на приватниот сектор, и пошироката јавност. Со ова ќе се осигура Акцискиот план да биде инклузивен и да ги одразува потребите и капацитетите на сите меродавни актери.

**Програми за градење капацитети и обука:** развивање и спроведување програми за обука заради градење на капацитетот на јавните институции, приватниот сектор, и организациите на граѓанското општество. Тука спаѓаат обуки за климатски паметни практики и создавање зелени работни места.

**Ревидирање на политиките и законодавството:** ревидирање и ажурирање на постојните политики и законодавство за да се интегрираат климатските согледувања. Со ова ќе се осигура регулаторната рамка да оди во прилог на целите на Акцискиот план и да ги поттикне одржливите практики.

**Следење, известување и оценување (СИО):** воспоставување стабилни системи за СИО заради следење на спроведувањето и влијанието на Акцискиот план. Ова подразбира поставување клучни показатели за успешност (КПУ) и спроведување редовни оцени за да се осигура континуирано подобрување.

**Јавно приватни партнерства (ЈПП):** охрабрување на соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор со цел да се поттикнат иновациите и инвестициите во зелените технологии и практики. Ова ќе помогне да се мобилизираат ресурсите и експертизата потребни за успешно спроведување.

## 3.3. Како Акцискиот план се интегрира во постојните политики и стратегиски рамки

Акцискиот план е осмислен така што да биде целосно интегриран во постојните национални политики и стратегиски рамки за да се осигура кохерентност и синергија. Во клучните точки на интеграција спаѓаат:

**Усогласеност со национално утврдените придонеси (НУП):** Акцискиот план ги поддржува целите од НУП преку промовирање на зелени работни места и климатски паметни практики во клучните сектори. Оваа усогласеност ѝ помага на Северна Македонија да ги исполни своите меѓународни климатски заложби од Парискиот договор.

**Поддршка за Долгорочната стратегија за климатска акција:** целите и дејствијата наведени во Акцискиот план се во согласност со Долгорочната стратегија за климатска акција, која го нагласува интегрирањето на климатските согледувања во економскиот развој.

**Придонес за националните цели за одржлив развој (ЦОР):** Акцискиот план придонесува за постигнување на ЦОР, особено Цел 8 (Достојна работа и економски раст), Цел 13

(Климатско делување), и Цел 5 (Родова еднаквост). Со ова се осигурува планот да оди во прилог на пошироките развојни цели.

**Интегрирање со Програмата за економски реформи (ПЕР):** Акцискиот план е усогласен со ПЕР, во кој се наведени и мерки за зајакнување на економската отпорност и за промовирање на одржливиот раст. Со поттикнување на зелено и инклузивно вработување, планот ги поддржува целите на ПЕР.

**Поддршка за Стратегијата за зелен раст:** Акцискиот план е осмислен така што да поттикне овозможувачка средина за одржливи инвестиции и иновации во зелените технологии, усогласувајќи се со Стратегијата за зелен раст.

Со осигурување на интеграцијата со овие постојни политики и стратегиски рамки, Акцискиот план има за цел да создаде кохерентен и унифициран приод кон одржливиот развој, искористувајќи ги синергиите помеѓу политиките за климатско делување и политиките за вработување за да се постигне долгорочна отпорност и напредок на Северна Македонија.

# 4. Вклучување на засегнатите страни

## 4.1. Утврдување на главните засегнати страни и нивните улоги

Ефективното вклучување на засегнатите страни е од клучно значење за успешното спроведување на Акцискиот план. Во главните засегнати страни што ќе бидат вклучени спаѓаат; владините министерства и тела, организациите на граѓанското општество (ОГО), претставниците на приватниот сектор, и меѓународните партнери. Секоја засегната страна има специфична улога во поттикнувањето на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување.

Владини министерства:

Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ):

- Водечка институција за интегрирање на согледувањата за климатските промени во трудовите и социјалните политики.
- Надлежна за координирање со другите министерства и засегнати страни за да се осигура кохерентност на политиките.

Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП):

- Обезбедува техничка експертиза за прашања поврзани со животната средина и климата.
- Се грижи за усогласеноста на Акцискиот план со националните климатски политики и меѓународните обврски.

Министерство за економија и труд:

- Ги промовира зелените економски иницијативи и го поддржува развојот на зелените работни места.
- Се координира со приватниот сектор за да ги поттикне одржливите бизнис практики.

Министерство за образование и наука:

- Ги интегрира климатските промени и одржливоста во наставните програми.
- Ги поддржува програмите за стручна обука за развој на зелени вештини.

Организации на граѓанското општество (ОГО):

- Играат клучна улога во подигањето на свеста за климатските промени и во застапувањето за инклузивни политики.
- Обезбедуваат увид во состојбите на терен и поддршка за спроведување на иницијативи во заедницата.

Претставници на приватниот сектор:

- Од суштинско значење за поттикнување на иновациите и инвестициите во зелени технологии и одржливи практики.
- Соработуваат со властите и граѓанските организации за да се создадат работни можности и да се промовира одржлив економски раст.

Меѓународни партнери:

- Станува збор за организации како што се: Зелениот климатски фонд (ЗКФ) и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).
- Обезбедуваат финансиска и техничка поддршка за спроведување на Акцискиот план.
- Ја олеснуваат размената на знаење и градењето капацитети.

Образовни установи:

- Универзитети, центри за стручна обука, и истражувачки институции.
- Ги развиваат и предаваат програмите за обука со цел да ја оспособат работната сила со потребните зелени вештини.

## 4.2. Стратегија за вклучување на засегнатите страни во фазите на планирање и спроведување

Сеопфатната стратегија за вклучување на засегнатите страни осигурува сите меродавни страни да се вклучат во фазите на планирање и спроведување на Акцискиот план. Стратегијата се состои од следниве клучни компоненти:

1. Првично мапирање и анализа на засегнатите страни:
   - Утврдување на сите меродавни засегнати страни и нивните интереси, влијание и капацитети.
   - Спроведување на анализа за да се разберат улогите и потенцијалните придонеси на секоја засегната страна.

2. Воспоставување комисии и работни групи со засегнатите страни:
    - Основање комисии и работни групи за олеснување на редовната комуникација и соработка помеѓу засегнатите страни.
    - Во овие групи влегуваат претставници на власта, граѓанското општество, приватниот сектор, и образовните установи.

3. Редовни консултации и работилници:
    - Организирање консултации и работилници во различни фази од развојот и спроведувањето на Акцискиот план.
    - Употреба на овие платформи за да се соберат влезни податоци, да се споделат информации за напредокот, и да се разрешат загриженостите на различните засегнати страни.

4. Комуницирање и информирање:
    - Развивање комуникациски план заради информирање на засегнатите страни за напредокот, меѓниците и резултатите на Акцискиот план.
    - Употреба на повеќе канали (на пример, средби, извештаи, билтени, онлајн платформи) за да се осигура широко и ефективно ширење на информациите.

5. Градење капацитети и обука:
    - Обезбедување насочени програми за обука со цел да се изградат капацитетите на засегнатите страни за поддршка на спроведувањето на Акцискиот план.
    - Фокус врз зајакнување на вештините поврзани со климатски паметни практики, создавање зелени работни места, и стратегии за инклузивно вработување.

6. Механизми за следење и повратни информации:
    - Воспоставување механизми за континуирано следење и оценување на активностите за вклучување на засегнатите страни.
    - Собирање повратни информации од засегнатите страни за да се подобрат стратегиите за вклучување и да се осигура дека нивните потреби и загрижености ќе бидат земени предвид.

7. Јавно приватни партнерства (ЈПП):
    - Промовирање на ЈПП за да се искористат ресурсите, експертизата и иновациите од приватниот сектор.
    - Поттикнување на соработнички проекти кои придонесуваат за целите на Акцискиот план.

8. Меѓународна соработка:

- Стапување во контакт со меѓународните партнери за да се исползува нивното искуство, техничката поддршка, и можностите за финансирање.
- Олеснување на размената на знаења и учење од најдобрите практики од другите земји.

Со спроведување на оваа сеопфатна стратегија за вклучување на засегнатите страни, Акцискиот план има за цел да осигура инклузивно учество, да ја поттикне соработката, и да ја зајакне ефективноста на своите иницијативи.  Овој приод ќе помогне да се создаде овозможувачка средина за развој на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување ширум Северна Македонија.

# 5. Управување и институционална рамка за спроведување на Акцискиот план

Спроведувањето на Акцискиот план бара сеопфатно управување и институционална координација. Значаен предизвик за управувањето лежи во координацијата помеѓу повеќето органи, чиишто надлежности во доменот на климатските промени често се преклопуваат. Осигурувањето ефективна координација е од клучно значење за надминување на расцепканоста и поттикнување кохерентен приод кон климатските дејствија и вработувањето.

**Во следниот раздел се дадени потенцијалните улоги и надлежности на засегнатите страни за спроведување на Акцискиот план. Имајте предвид дека наведените улоги и надлежности можат да послужат само како општи предлози и приближни насоки.** Точните улоги и надлежности ќе треба заеднички да се дефинираат и договорат од страна на сите вклучени засегнати страни.

| Институција | Улога | Надлежност |
|---|---|---|
| **Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ)** | Водечка институција за спроведување на Акцискиот план. | • Стратегиски надзор: го обезбедува севкупното раководство и ја осигурува интеграцијата на климатски паметните и инклузивни стратегии за вработување во националните трудови политики.<br>• Координација: ја олеснува меѓуминистерската соработка за усогласување на напорите на различните засегнати страни, вклучувајќи го и Министерството за економија, Министерството за животна средина и други.<br>• Спроведување: го надгледува изведувањето на програмите за обука и иницијативите кои го поддржуваат создавањето зелени работни места и доквалификувањето на работната сила во согласност со дејствијата наведени во Акцискиот план во Ексел.<br>• Следење и оценување: воспоставува сеопфатен систем за следење на напредокот во однос на клучните показатели за успешност наведени во Акцискиот план. |

| | | |
|---|---|---|
| **Агенција за вработување** | Носител на активности. | • Спроведување: го надгледува изведувањето на програмите за обука и иницијативите кои го поддржуваат создавањето зелени работни места и доквалификувањето на работната сила во согласност со дејствијата наведени во Акцискиот план во Ексел.<br>• Следење и оценување: воспоставува сеопфатен систем за следење на напредокот во однос на клучните показатели за успешност наведени во Акцискиот план. |
| **Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)** | Обезбедува техничка експертиза за прашања поврзани со животната средина и климата. | • Усогласеност на политиките: се грижи Акцискиот план да биде усогласен со националните климатски политики и меѓународните обврски, како што се тие од Парискиот договор и национално утврдените придонеси (НУП).<br>• Техничка поддршка: обезбедува технички насоки за интегрирање на климатската отпорност во стратегиите за вработување и во спроведувањето на проектите.<br>• Следење на животната средина: го следи влијанието врз животната средина на Акцискиот план и ја осигурува усогласеноста со прописите за животната средина. |
| **Министерство за економија и труд (МЕТ):** | Го поддржува економскиот развој преку создавање зелени работни места. | • Економски стимулации: развивање и промовирање на економски стимулации за бизнисите да усвојат одржливи практики и да создадат зелени работни места.<br>• Вклучување на приватниот сектор: олеснување на партнерствата помеѓу владата и приватниот сектор за да се поттикнат инвестициите во зелените технологии и практики.<br>• Мобилизирање на ресурси: работа со финансиски институции и меѓународни донатори за да се обезбедат финансиски средства за проектите од Акцискиот план. |
| **Министерство за образование и наука (МОН)** | Го интегрира климатски паметното образование и | • Развој на наставната програма: работи со образовните установи на внесување на обуката за зелени вештини во стручните и гимназиските наставни програми. |

| | | |
|---|---|---|
| | обука во наставните програми. | • Спроведување на програмата: го поддржува развојот и воведувањето на конкретните програми за обука кои се усогласени со потребите на зелената економија.<br>• Поддршка за истражување: ги поттикнува истражувањата и иновациите во климатски паметните технологии и практики. |
| **Организации на граѓанското општество (ОГО):** | Се застапуваат за инклузивни и климатски отпорни политики. | • Вклучување на заедницата: ги мобилизираат заедниците и ја подигнуваат јавната свест за можностите за зелено вработување.<br>• Поддршка за спроведувањето: обезбедуваат поддршка за спроведување проекти во заедницата во рамките на Акцискиот план.<br>• Застапување за политиките: водат сметка Акцискиот план да содржи одредби за маргинализираните и ранливите групи да имаат корист од создавањето зелени работни места. |
| **Претставници на приватниот сектор:** | Инвестираат во и ги усвојуваат одржливите практики кои придонесуваат за Акцискиот план. | • Создавање работни места: соработуваат со власта на создавање можности за вработување во клучните сектори, како што се обновлива енергија и одржливо земјоделство.<br>• Интегрирање на КОО: ги интегрираат климатски паметните иницијативи во програмите за корпоративна општествена одговорност, придонесувајќи за пошироките цели на Акцискиот план. |
| **Меѓународни партнери** | Обезбедуваат финансиска и техничка поддршка за спроведување на Акцискиот план. | • Финансирање: ставаат на располагање финансиски средства за спроведување на клучните проекти и иницијативи од Акцискиот план.<br>• Техничка помош: обезбедуваат експертиза во области како што се: осмислување, спроведување и следење на проекти.<br>• Споделување знаења: ја олеснуваат размената на најдобрите практики од слични иницијативи во другите земји. |

**За да се осигура успешно спроведување на Акцискиот план, се предлага воспоставување сеопфатни механизми.  Овие механизми ќе бидат осмислени така што да го олеснат координирањето, следењето и континуираното подобрување на сите нивоа на спроведување.  Следниве начела можат да се користат како насоки при поставување функционални раководни и управни структури за спроведување на Акцискиот план.**

### Меѓуминистерска работна група

Може да се назначи наменска работна група, составена од претставници од клучните засегнати страни, како што се: Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и други.  Оваа работна група ќе биде надлежна да врши надзор врз координирањето и спроведувањето на Акцискиот план.  Ќе ги решава предизвиците кои ќе се појават за време на спроведувањето и ќе осигура усогласеност со националните стратегии.  Работната група, исто така, ќе игра клучна улога во осигурувањето сите дејствија да бидат синхронизирани во различните сектори, со што ќе се максимизира влијанието на Акцискиот план.

### Месечни координативни состаноци

Треба да се одржуваат редовни состаноци со сите меродавни засегнати страни, вклучувајќи ги и владините министерства, организациите на граѓанското општество, претставниците на приватниот сектор, и меѓународните партнери.  Овие месечни состаноци ќе послужат како платформа за разгледување на напредокот, разговарање и решавање на предизвиците, и вршење на неопходните прилагодувања на Акцискиот план.

### Централизиран систем за следење

Треба да се развие централизиран систем за следење со цел да се следи спроведувањето на Акцискиот план.  Преку овој систем ќе се собираат податоци за клучните показатели за успешност (КПУ) и ќе се обезбедат редовни извештаи до Министерството за труд и социјална политика.  Собраните податоци ќе бидат од клучно значење за оценување на ефективноста на Акцискиот план, за утврдување на областите за подобрување, и за донесување одлуки водени од податоците.  Централизираниот систем, исто така, ќе овозможи следење на напредокот во реално време, обезбедувајќи транспарентност и отчетност.

### Јавно приватни партнерства (ЈПП)

Јавно приватните партнерства (ЈПП) ќе бидат клучен механизам за искористување на ресурсите и експертизата во спроведувањето на Акцискиот план.  Овие партнерства ќе се

фокусираат врз критичните сектори, како што се: обновлива енергија, зелено градежништво, и одржливо земјоделство.  Со поттикнување на соработката помеѓу властите и приватниот сектор, ЈПП ќе помогнат да се поттикнат иновациите, да се обезбедат неопходните финансиски средства, и да се забрза транзицијата кон зелената економија.  Владата активно ќе ги промовира и поддржува овие партнерства, препознавајќи ја нивната важност во постигнувањето на целите на Акцискиот план.

# 6. Показатели за успешност и следење на спроведувањето на Акцискиот план

## 6.1. Клучни показатели за успешност за мерење на напредокот кон целите на Акцискиот план

**Следниве клучни показатели за успешност (КПУ) треба да се сметаат за предлози, кои треба да се доусовршат и усогласат со соодветните засегнати страни. Показателите во следниот раздел можат да дадат насоки за процесот на дефинирање на показателите што ќе се применат за спроведување на Акцискиот план. КПУ можат да се користат за мерење на ефективноста на планот за постигнување на неговите цели во различните сектори.**

| Тема / дејство | КПУ | Цел |
|---|---|---|
| Создавање зелени работни места | Процент на зелени работни места на кои работат жени, со фокус врз инклузивноста. | Да се осигура жените да работат на најмалку 30% од зелените работни места, што го одразува акцентот врз родовата еднаквост. |
| Обука и доквалификација | Број на развиени и спроведени програми за обука, заедно со бројот на учесници. | Да се спроведат секторски специфични програми за обука за зелени работни места, со посебен фокус врз ранливите групи и родовата рамнотежа во учеството. |
| Развој на социјалните услуги | Број на развиени нови социјални услуги и број на основани социјални претпријатија, со родово расчленети податоци. | Да се зголеми бројот на социјални претпријатија и услуги, особено оние кои се насочени кон групи во општествен ризик. |
| Политика и стратегиска интеграција | Број на јавни настапи, објави на друштвените мрежи, и други форми на досегнување, спроведени за промовирање на Акцискиот план. | Да се постигне широк јавен досег заради подигање на свеста за важноста на зелените вештини и работни места, како и за придобивките од зелената транзиција. |
| Вклучување на јавноста и подигање на свеста | Број на јавни настапи, објави на друштвените | Да се постигне широк јавен досег заради подигање на |

| | | |
|---|---|---|
| | мрежи, и други форми на досегнување, спроведени за промовирање на Акцискиот план. | свеста за важноста на зелените вештини и работни места, како и за придобивките од зелената транзиција. |
| Резултати од програмите за образование и обука | Број на учесници во програмите за образование и обука на различни нивоа. | Да се зголеми учеството во стручните и гимназиските наставни програми кои се фокусираат врз зелени вештини и да се осигура овие програми да бидат пристапни за различни групи ученици. |
| Родово чувствително вработување | Процент на зелени работни места на кои работат жени. | Жените да работат на најмалку 30% од зелените работни места до 2030 година. |
| Климатски паметни програми за обука | Број на развиени и спроведени програми за обука. | Да се донесат 10 нови програми за обука до 2026 година. |
| Интегрирање во политиките | Број на ревидирани и ажурирани политики заради вклучување на климатската отпорност. | Да се ажурираат најмалку 5 клучни политики до 2025 година. |

## 6.2. Механизми за следење и оценување

За ефективно следење на напредокот на Акцискиот план, ќе се воспостави сеопфатна рамка за следење и оценување. Оваа рамка ќе овозможи редовно следење на сите КПУ, како и вршење на сите потребни прилагодувања во процесот на спроведување. При изготвувањето на конкретната рамка за следење и оценување, предвид можат да се земат клучните начела, како во однос на спроведувањето на целиот Акциски план така и во однос на неговите поединечни дејствија. Секоја рамка за следење и оценување што ќе се развие за потребите на Акцискиот план мора тесно да се усогласи со, или да се интегрира во, постојните системи за следење кои веќе се користат во водечката институција за спроведување, МТСП.

**Редовно известување**

- Зачестеност: тримесечни извештаи што ги доставува секоја надлежна институција, а кои го опфаќаат напредокот во однос на КПУ.
- Одговорни субјекти: клучните министерства и агенции, вклучувајќи ги и Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, и Агенцијата за вработување.

**Годишни оцени**

- Делокруг: спроведување годишни оцени за да се процени севкупното влијание на Акцискиот план, користејќи квантитативни и квалитативни методи.
- Методологија: подразбира анкетирање на засегнатите страни, оцени на влијанието, и анализа на трендовите на пазарот на труд поврзани со зелените работни места.

**Консултирање со засегнатите страни**

- Цел: вклучување на засегнатите страни преку редовни консултации за да се соберат повратни информации и да се осигура дека Акцискиот план ќе може да одговори на новите потреби и можности.
- Метод: организирање работилници и форуми за да се разговара за напредокот, предизвиците и потенцијалните подобрувања со властите, приватниот сектор, и претставниците на граѓанското општество.

**Централизиран систем за собирање податоци**

- Функција: воспоставување централизиран систем кој го управува Министерството за труд и социјална политика за собирање и анализирање податоци поврзани со Акцискиот план.
- Извори на податоци: вклучување податоци од образовни установи, даватели на обуки, социјални претпријатија, и други меродавни засегнати страни.

**Процес на континуирано подобрување**

- Приод: примена на циклус на континуирано подобрување каде што наодите од активностите за следење и оценување ќе се користат за насочување и подобрување на стратегиите од Акцискиот план.
- Интегрирање на повратни информации: употреба на повратните информации од годишните оцени и од консултациите со засегнатите страни за да се направат повторливи прилагодувања на планот.

# 7. Финансиски ресурси и нивно мобилизирање

**Финансирањето или буџетирањето на поединечните дејствија не беше дел од дискусиите за време на работилниците со засегнатите страни. Затоа не може да се направи конкретен предлог за буџетирање.**

## 7.1. Преглед на буџетските барања

**Распределба на финансиските средства:**

Буџетот ќе се распредели помеѓу различните сектори и иницијативи врз основа на нивната стратегиска важност и потенцијалното влијание врз постигнувањето на целите од Акцискиот план.

Во клучните области кои бараат значителни инвестиции спаѓаат: проекти за обновлива енергија, иницијативи за одржливо земјоделство, програми за обука за зелени вештини, и основање на социјални претпријатија.

**Финансиски резерви:**

Дел од буџетот ќе биде резервиран за непредвидени трошоци кои можат да настанат во фазата на спроведување. Со ова ќе се осигура Акцискиот план да остане на вистинскиот пат дури и кога ќе се соочи со неочекувани предизвици.

**Временска рамка на буџетот:**

Буџетот ќе се структурира така што да се усогласи со временскиот распоред на Акцискиот план, со што ќе се осигурува средствата да бидат достапни кога е потребно за поддршка на навременото спроведување на различните иницијативи.

## 7.2. Стратегии за мобилизирање на финансиски средства, вклучително и потенцијални извори на финансирање

За да се обезбедат потребните финансиски средства за Акцискиот план, ќе биде усвоен повеќеслоен приод за мобилизирање на ресурсите. Овој приод ќе ги искористи и

домашните и меѓународните извори на финансирање, со што ќе се осигура Акцискиот план да биде целосно финансиран и одржлив на долг рок.

**Зелен климатски фонд (ЗКФ):**

Улога: ЗКФ ќе биде основниот извор на меѓународно финансирање на Акцискиот план.

Стратегија: да се осмислат и поднесат детални предлог-проекти за да се обезбеди финансирање од ЗКФ за клучните иницијативи, како што се: развој на обновлива енергија, климатски паметно земјоделство, и програми за градење капацитети.

**Европски структурни и инвестициски фондови (ЕСФ+):**

Улога: иако Северна Македонија моментално не ги исполнува условите за финансирање од ЕСФ, постои можност да се добие акредитација во иднина.

Стратегија: да се истражат можностите за акредитација и да се развие детален план за пристап до финансирањето од ЕСФ+ за поддршка на долгорочни проекти поврзани со одржлив развој и зелено вработување.

**Меѓународни финансиски институции (МФИ):**

Улога: да се стапи во контакт со МФИ, како што се: Светската банка, Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и други, за да се обезбеди кофинансирање на големите проекти.

Стратегија: на МФИ да им се изложат иницијативите од Акцискиот план, нагласувајќи ја усогласеноста со глобалните климатски цели и потенцијалот за резултати со големо влијание.

**Национален буџет и прераспределба:**

Улога: националниот буџет ќе биде клучен извор на финансирање на Акцискиот план, особено за домашните иницијативи и проектите од јавниот сектор.

Стратегија: работа со Министерството за финансии на утврдување на постојните буџетски линии кои можат да се прераспределат за поддршка на спроведувањето на Акцискиот план.

**Јавно приватни партнерства (ЈПП):**

Улога: ЈПП ќе играат значајна улога во мобилизирање на ресурсите од приватниот сектор.

Стратегија: да се развијат атрактивни можности за инвестирање за приватните компании во сектори како што се: обновлива енергија, зелено градежништво, и одржливо земјоделство. Да се поттикнат приватните инвестиции преку даночни олеснувања, субвенции и други финансиски механизми.

**Донаторски придонеси и грантови:**

Улога: ќе им се пристапи на меѓународните донатори и организациите за доделување грантови заради обезбедување дополнителни финансиски средства.

Стратегија: да се изградат партнерства со организациите како што се: УНДП, Европската унија, и билатералните донатори, заради обезбедување грантови за конкретни проекти од Акцискиот план.

**Иновативни механизми за финансирање:**

Улога: истражување на нови и иновативни механизми за финансирање, како што се зелени обврзници, климатско финансирање, и влијателно инвестирање.

Стратегија: да се стапи во контакт со финансиските пазари и инвеститорите заинтересирани за одржлив развој заради обезбедување дополнителни приливи на финансиски средства.

# 8. Управување и ублажување на ризиците

Надминувањето на институционалните и финансиските ризици е од клучно значење за успехот на Акцискиот план. Во ова поглавје се изложени клучните ризици и се предлагаат стратегии за ублажување. Најдобро е оцената на ризикот да се направи за секое поединечно дејствие откако ќе се премине во фаза на спроведување.

| Вид на ризик | Ризик | Сценарио | Ублажување |
|---|---|---|---|
| Институционални ризици | Пропусти во координирањето | Недостаток на координација помеѓу министерствата и агенциите. | Воспоставување меѓуминистерска работна група која ќе врши надзор врз спроведувањето на Акцискиот план. |
| | Ограниченост на капацитетите | Ограничени капацитети во рамките на институциите за спроведување на климатски паметни политики. | Инвестирање во програми за градење капацитети и техничка помош. |
| Финансиски ризици | Недостаток на финансиски средства | Недоволно финансиски средства за спроведување на Акцискиот план. | Диверзифицирање на изворите на финансирање и развој на планови за непредвидени околности за буџетските дефицити. |
| | Неправилна распределба на ресурсите | Неефикасно користење на доделените финансиски средства. | Спроведување на строги процедури за финансиски надзор и ревизија. |

# Прилог

Прилог – Акциски план за поддршка на развојот на зелено, климатски паметно и инклузивно вработување во клучните економски сектори, земајќи ги предвид стремежите од НУП.